Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2025 година.

Бр. 08-1317/1
25 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска-Давкова, с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
Африм Гаши, с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

## Член 1

Во Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 236/22 и 3/25), насловот на Поглавјето 2 се менува и гласи: „ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ОЗНАЧУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ“.

## Член 2

Насловот на членот 11 се менува и гласи: „Општа одредба за означување и објавување на цените“.

Во член 11 во ставот (1) по зборот „означи“ се додаваат зборовите: „и објави“.

## Член 3

По членот 15 се додаваат нов наслов и нов член 15-а, кои гласат:

„Објавување на цените

Член 15-а

(1) Мал, среден и голем трговец кој врши дејност трговија на мало, согласно со Националната класификација на дејностите, е должен на својата веб-страница да ја објави, одделно за секој свој продажен објект, тековната продажна, односно единичната цена во моментот на објавување на секоја стока што ја нуди за продажба.

(2) Ажурирањето на цените од ставот (1) на овој член се врши на дневна основа.

(3) При објавување на цените од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од овој закон за означување на цените.

(4) Начинот на објавување на цените на стоките и податоците што треба да се објавуваат согласно со ставот (1) на овој член, го пропишува министерот за економија и труд.“.

Член 4

Во член 210 во ставот (2) точката 2) се менува и гласи:

„ги означува и објавува цените согласно со одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15, 15-а, 16 и 17 од овој закон;“.

Член 5

Во член 215 во ставот (1) по точката 2) се додава нова точка 2-а), која гласи:

„2-а) не ги објавува цените на својата веб- страница или ги објавува спротивно на одредбите од членот 15-а од овој закон;“.

Во ставот (2) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за прекршокот од точката 2-а).“.

Во ставот (6) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за прекршокот од точката 2-а).“.

Во ставот (10) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за прекршокот од точката 2-а).“.

Член 6

Трговците од членот 3 од овој закон, со кој се додава нов член 15-а, се должни во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон.

Член 7

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.